Совет на Општина Делчево
Број 09-470/1
15.03.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 21.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 15.03.2019 година (петок), во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Катица Трајкова Тасева
6. Влатко Величковски
7. Вице Стоиловски
8. Кирил Тренчевски
9. Ванчо Велиновски
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Кристи Стојковски

Неоправдано отсутен:Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Драган Маневски кој за денешната 21.седница на Советот, го предложи следниот

Дневен ред
-Усвојување на Записник од 20.седница

1.Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;
2.Годишен извештај на Општина Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;

3.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2018 со Заклучок за усвојување;

4. Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;

Образлагач: Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет.

5.Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“ Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансии во општина Делчево.

6.Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**: Љупчо Прачкоски-ВД Директор на СОУ „М.Брицо“-Делчево.

7.Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Милена Багевска-Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

8.Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Горан Велков-ВД Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

9.Предлог-Програма за работа на Одделението за превенција, заштита и спасување при Општина Делчево за 2019 година;

**Образлагач**: Кире Цоневски-Соработник за превенција, заштита и спасување.

10.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација Проект за инфраструктура за изградба на атмосферска канализација за населба Басарица-Општина Делчево;

11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за беспрано-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Груица Синадинов;

12. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за беспрано-играден објект надвор од плански опфат, објект настрешница зграда бр.2 по барање на Груица Синадинов,

13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за беспрано-играден објект надвор од плански опфат, помошен објект, зграда бр.4 по барање на Груица Синадинов;

14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за беспрано-играден објект надвор од плански опфат, објект сушара зграда бр.1 по барање на Дарко Синадинов,

15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за беспрано-играден објект надвор од плански опфат, објект ладилник зграда бр.2 по барање на ТП ОБЕЛ КОМПАНИ-КОМЕРЦ ТП Синадинов Ристачко Грујо;

**Образлагач**: Од точка 10 до точка 15- Горан Петровски-Советник за урбанизам.

16.Предлог-Одлука за давање на согласност и овластување за преговарање.

**Образлагач**: Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево.

17.Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Стојан Димитровски-Командир на полициска станица од општа надлежност.

18.Годишна сметка за ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2018 со Заклучок за усвојување.

**Образлагач:**Маре Бошначка-Сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

19.Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Сашко Ивановски кој го праша претседателот на Советот до каде е постапката во врска со предлог-иницијативата на советничката група на ВМРО ДПМНЕ во врска со донесување на одлука за бранителите кои учествувале во конфликтот 2001 година? Тој рече дека во 6 општини советите на општините веќе донеле вакви одлуки.

Претседателот на Советот рече дека тој како претседател на Советот предлог-иницијативата ја доставил до градоначалникот на Општина Делчево. Од негова страна се уште не е доставено мислење во врска со иницијативата. Согласно статутарните и деловничките одредби, вие како советничка група можете на наредна седница повторно да ја доставите иницијативата и предлог-одлука во врска со некои поволности/бенефиции за бранителите, рече претседателот на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево го усвои дневниот ред за 21.седница на Советот.

Прва точка-Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;

Образложение по оваа точка поднесе Анка Христова која рече дека Завршната сметка ги содржи прегледите на планираните и реализираните приходи и расходи на сите сметки на општината, како и на сметките на буџетските корисници.Од вкупно планираните приходи и приливи во буџетот на Општината во износ од 262.824.000 ден. наплатени се 232.364.077 ден., односно 88,4% во вкупниот буџет или ако се направи анализа на основниот буџет од вкупно планираните 78.940.000 денари наплатени се 73.410.232 или изразено во проценти 93%.

Капиталните расходи се планирани во износ од 28.539.000 ден. а се реализирани во износ од 24.986.200 ден. или изразено во проценти 87,5%, а во однос на вкупните расходи во основниот буџет процентот е 35,4%. Од нив за купување на опрема и машини се потрошени 229.541. ден.,за купување на информатичка и видеоопрема 141.663 ден.за проекти за патишта 2.651.209 ден. ден., за изградба на улици и патишта 1.956.870 ден., реконструкција на улици и патишта, 15.163.836 ден., изградба на мостови 3.228.609 ден. реконструкција на пречистителни станици и колектори 545.449 денари, подготвување проекти на други објекти 784.042 ден., надзор над изградбата 27.342 денари, и надомест за одземен имот во износ од 399.302 денари, истакна А. Христова.Во 2018 година капиталните расходи се реализирани во износ од 24.357.357 денари и тоа:

1. Изградба на пат с.Бигла- с.Турија во износ од 1.956.870 ден.

2. Реконструирани улици и патишта во износ од 15.163.836 денари се: „Вељко Влаховиќ“, „Илинденска“, пробивање на селски патишта и доплата на патот Делчево-с.Вратиславци.

3. Потоа средства кои се уплатени за изградба на пешачкиот мост ( кој веќе се гради) како сопствено учество на општината во износ од 3.228.609 ден.

4. Изготвување на проекти за улици и патишта 2.651.209 ден.

5. Подготвување на проекти за други објекти во износ од 784.042 денари ( дел од нив се за регулирање на р.Брегалница, за градски пазар, и др.)

Реконструкција на улиците „М.Тито“, „Светозар Марковиќ“ и „Питу Гули “, од буџетот на донации во износ од 15.212.053 денари, рече А.Христова.

Претседатлот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека за оваа точка и наредните 3, Комисијата за финансирање и буџет одржала седница. На седницата имало конструктивна дебата во врска со сите точки. Биле поставени и многу прашања на кои образлагачот дала одговор. Во врска со Завршната сметка тој рече дека реализацијата на буџетот е 93% со само еден ребаланс и тоа е за пофалба. Да се надеваме дека оваа година буџетот ќе има уште поголем процент на реализација, рече К.Тренчевски.

Сашко Ивановски рече дека од Завршната сметка се гледа дека за спортските клубови биле планирани 900.000 денари, а се реализирани 646.000 и праша зошто е тоа така?

Анка Христова рече дека од страна на спортските клубови се побарани 646.000 и затоа толку се исплатени, инаку планирани се 650.000 денари.

Шабан Багашов даде дополнително објаснување и рече дека разликата од планираните и исплатените расходи/трошоци за спортските клубови е згаснувањето на ФК „Брегалница“ што значи дека дел од средствата кои биле планирани за нив, не биле исплатени.

Славица Димитрова рече дека можеби не е по точката на дневен ред, но има врсска со спортските клубови и побара да и се достави одговор-Колку средства од Буџетот на Општина Делчево се исплатени на спортските клубови и на НВО од општина Делчево во 2018 година и во кој износ?

Сашко Ивановски праша за која намена се потрошени средствата за судски трошоци?

А.Христова рече дека тоа се средства за исплата на плати на вработените во ТППЕ.

Кирил Тренчевски праша кога се настанати тие трошоци и поради која причина тужеле вработените во ТППЕ?

А.Христова рече дека средствата се исплатени за плати на вработените во ТППЕ, а тие трошоци настанале во минати години.

Катица Трајкова Тасева се надоврза на барањето на советничката Славица Димитрова и побара ако може да се достави извештај колку средства од Буџетот на Општина Делчево се исплатени на спортските клубови и на НВО од општина Делчево во 2018, 2017 и 2016 година и во кој износ. Прашањето го поставувам за да можеме да направиме споредба, рече К.Т.Тасева.

Втора точка-Годишен извештај на Општина Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;

Оваа точка ја образложи А.Христова која рече овој Извештај е согласно член 34 од Законот за финансирање на единците на локалната самоуправа. Истиот ги содржи сите податоци од Завршната сметка плус извештај за средствата, побарувањата и обврските.Со состојба на 31.12.2018 година општина Делчево има ненаплатени побарувања во вкупен износ од 29.386.930 денари, дел од нив се утужени.Општина Делчево има ненамирени обврски према добавувачите во износ од 227.972.470 денари во кој износ влегува и пресметаната камата за утужените обврски.

Дел од нив односно 216.406.105 се обврски по основ на главен долг по судски извршни решенија односно утужени обврски, заедно со пресметана камата.

Со состојба на 31.12.2018 година постојаните средства на општина Делчево по набавна вредност

изнесуваат 481.607.042, додека сегашната вредност е 411.965.783 денари.

Набавна вредност сегашна вредност

-Градежни објекти................................ 463.215.199 ден 408.613.727 ден.

Опрема................................................ 18.391.843 ден. 3.352.056 ден.

Досегашната набавна вредност на постојаните средства е зголемена за 11.495.000 ден. односно за изградба на повеќе локални патишта и улици во градот. Поголем дел, 45 % од вредноста на градежните објекти отпаѓа на брана ,,Лошана". Вредноста на основните средства – градежни објекти ги опфаќа и градежните објекти – домови во селските населби и домот на културата АСНОМ 5%, 32% отпаѓаат на улици и канализации, додека18% отпаѓаат на други објекти во кои влегуваат: стар објект на општината, паркот кај црквата, касарна, спортско игралиште кај ОУ „Ванчо Прке", тениско игралиште кај ОУ „Ванчо Прќе" двојно тениско игралиште кај стадионот, детско одмаралиште „Голак", канализации во општината, гумена брана и др.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Славица Димитрова која праша што се планира со Детското одмаралиште на Голак кое е наведено во овој извештај како основно средство на Општината?

А.Христова рече дека таа нема информации дали и што се планира со детското одмаралиште, најверојатно Градоначалникот има такви информации.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа "ЗА" и 5 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево го усвои Годишниот извештај на Општина Делчево за 2018 година.

**Трета точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2018 со Заклучок за усвојување;**

Во врска со оваа точка А.христова рече дека податоците од него веќе се содржани во Завршната сметка, разликата е во тоа што во Завршната сметка има пренесно салдо од претхосна година. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 5 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2018.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет која истакна дека оваа одлука е изготвена на барање на буџетските корисници, односно библиотеката, училиштата и детската градинка. Имено, со одлуката има проширување на средствата во Буџетот на Општина Делчево, за 12.817.000 во делот на дотациите и 160.000 денари во делот на донациите.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, распаравата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА3 и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2019 година.

**Петта точка-Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“ Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка бше Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансии во општина Делчево кој рече дека бидејќи библиотеката нема свој сметководител тој е задолжен за ја изготви завршната сметка на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.Во 2018 година ЈЛБ „Илинден„-Делчево работела со 3 жиро-сметки и тоа: сметка за наменска дотација, сметка за сопствени приходи и буџетска сметка.Во 2018 година на сметката за наменска дотација се остварени приходи во износ од 3.328.861 денари од кои за плати се потрошени 1.367.082, за придонеси за соц.осигурување 505.445 денари, за надоместоци 48.710, за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт 190.174, материјали и ситен инвентар 153.543, за поправки и тековно одржување 30.338, за договорни услуги 132.424, други тековни расходи 43.991, купување на опрема и машини 340.790, купување на мебел 17.000 и за киги 499.364 денари.

На сметката за сопствени приходи (приходи од членарина) се остварени 147.855 денари., а се потрошени 147.766, вишок на приходи 89 денари.

На буџетската сметка се остварени приходи од Проектот за библиотекари во износ од 29.000 денари и стите се потрошени за обука на библиотекари во Словенија и во Србија.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали за набвка на книжен фонд или книги за што се потрошени 499.364 денари е распичана јавна набавка или на кој начин се набавуваат книгите?

Шабан Багашов рече дека за набавка на книжниот фонд во библиотеките не се распишува јавна набавка туку истите се набавуваат со посебен вид на договор кој се склучува со библиотеката и издавачите/издавачките куќи.

Билјана Ѓеоргиевска праша за што се потрошени парите на ставката 426-други тековни расходи во износ од 22.970 денари?

Шабан Багашов рече дека станува збор за средства од сопствената сметка на библиотеката, од членарина и дел од нив се потрошени за обука, дел за репрезентација.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден“ Делчево за 2018 година.

**Шеста точка-Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по оваа точка беше Милена Багевска-сметководител на СОУ „М.М.Брицо“.

Таа рече дека во 2018 година гимназијата работела со 2 жиро-сметки и тоа:наменска буџетска и сметка за сопствени приходи.

На сметката за сопствени приходи во 2018 година се остварени приходи во износ од 514.026,00 денари и истите се прибираат од уплати за испити, издавање дупликат свидетелства или дипломи, наем на спортска сала, спонзорства и слично. Вкупните расходи на оваа сметка се 217.379. Остварениот вишок на приход кој с епренесува за наредната 2019 година изнесува 296.682,00 денари. За патни и дневни се потрошени 1.800 денари, за комунални услуги 32.970, за договорни услуги 92.001, за други тековни расходи 86.608 и за книги за библиотека и учебници 3.965,00 денари.

На сметката за наменска дотација се остварени приходи во износ 26.853.245,00 денари, а се потрошени 26.727.874, 00 денари. Од оваа сметка се финансираат платите на вработените, тековното одржување на објектите, опремата, превозот на учениците и слично. За плати се потрошени 16.297.362, за придонеси од соц.осиг. 6.027.819, за патни и дневни 23.566,00 денари, за комунални услуги.... 1.437.171,00 денари, за материјали и ситен инвентар 381.281,00 денари, за поправка и тековно одржување 158.462,00 денари, за договорни услуги 2.095.378, за др.тековни расходи 154.943,00 денари, за други трансфери 151.892, опрема и машини 56.566, др.градежни објекти 53.926 и вложување и нефинансиски средства 14.879,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кире Тренчевски кој  рече дека има течничка грешка која треба да се исправи, а се однесува на вкуоните остварени трошоци на сметката за сопствени приходи. Треба да биде 217.379,00 денари, а не 213.379,00 денари.

Сашко Ивановски праша за што се потрошени средствата на потставката 423990-Други материјали во износ од 142.202,00 денари?

Милена багевска рече дека од таа ставка се финансирани поправки и набавка на други материјали.

Директорот Љ.Прачкоски рече дека овие средства се потрошени за замена на светилките во спортската сала, замена на обичните со ЛЕД сбветилки и замена на уништени светилки. Заменети се вкупно 24 светилки со сите дуги потребни елементи, како и санирање на дефектот со водата внатре во салата и околу салата.

Билјана Ѓеоргиевска праша за што се потрошени средствата на потставката 423410 во износ 54.303 и 425990-Други договорни услуги во износ од 83.380,00 денари?

Милена Багевска рече дека  на потставката 425990-Други договорни услови се трошоци по договор за дело, тендерски постапки, озвучување, снимање

Љ.Прачкоски рече дека 54.303 денари се потрошени за потребите на прехранбената струка, за набавка на потребните намирници со кои тие подготвуваат најразлични производи.

Сашко Ивановски рече дека потставката 426210-репрезентација 49.130 ја надминува законски дозволената сума од 500 евра, а Милена Багевска рече дека од таа ставка се наградите за ученици учесници на натпревари, а не само репрезентации.

На прашањата на С.Ивановски и Б.Ѓеоргиевска за потставките 426990-52.531 и 464990 -105.500, Милена Багевска рече дека ќе достави писмен одговор.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 2018 година.

**Седма точка-Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Милена Багевска-Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево која рече дека во 2018 година училиштето работело со 2 жиро-сметки: сметка за наменска дотација и сопствена сметка. На мсетката за наменска дотација се остварени приходи во износ од 45.062.939,00 денари од кои за плати 30.064.118, придонеси за соц.осиг. 11.119.658, патни и дневни 31.682, комунални услуги (струја, вода....) 2.365.783,00 денари, материјали и ситен инвентар 310.000, поправкиа и тековно одржување 93.813,00, договорни услуги 747.032,00, др.тековни расходи 150.034, купување на опрема и машини 94.973,00, др.градежни објекти 15.000,00, вложување во нефинансиски средства 8.910,00.

На сметката за сопствени приходи во 2018 година се прибрани приходи во износ од 713.806,00 денари, а расходите се остварени во износ од 677.317,00 денари. Разликата од приходите и расходите во износ 36.489,00 денари и се пренесува за наредна година. За патни и дневни се потрошени 2.000 денари, материјали и ситен инвентар 35.804,00, поправки и тековно одржување 6.400, договорни услуги 603.388, други тековни расходи 28.587 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓоргиевска која праша за која намена се потрошени средствата во износ од 84.041 денар, на потставката 423410.

Кирил Тренчевски рече дека можеби на таа потставка се средствата за кифлите на учениците.

Сашко Ивановски рече дека средствата за кифлите на учениците се на сметката за сопствени приходи, а не на наменската дотација.

Претседателот на Советот рече дека Завршната сметка на ООУ „Св.Кл.Охридски“ е доставена до Централниот регистар до 28.02.2019 година, а во материјалите не се дадени детални податоци за повеќе ставки, може писмено да се побараат и да ви бидат доставени.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2018 година.

**Осма точка-Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Милена Багевска сметководител на ООУ „Ванчо

Прке“која рече дека во 2018 година училиштето работело со 2 жиро-сметки: сметка за наменска дотација и сопствена сметка. На сметката за наменска дотација се остварени приходи во износ од 31.363.856 денари од кои за плати 20.317.691, придонеси за соц.осиг. 7.515.110 патни и дневни 28.240,00 комунални услуги (струја, вода....) 1.362.184,00 денари, материјали и ситен инвентар 182.878,00 поправки и тековно одржување 145.691,00 договорни услуги 977.826,00, др.тековни расходи 124.313,00 купување на опрема и машини 22.499, реконструкција на објекти 526.598.

На сметката за сопствени приходи во 2018 година се прибрани приходи во износ од 921.819,00 денари, а расходите се остварени во износ од 662.891,00 денари. Разликата од приходите и расходите во износ 258.928,00 денари и се пренесува за наредна година. За материјали и ситен инвентар 485.788,00 поправки и тековно одржување 835, договорни услуги 148.913,00 и др.тековни расходи 27.355,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

**Деветта точка-Предлог-Програма за работа на Одделението за превенција, заштита и спасување при Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по точката беше Кире Цоневски-Соработник за превенција, заштита и спасување кој истакна дека Одделението за превенција заштита и спасување при општина Делчево за 2019 година ќе спроведува мерки и активности согласно законските норми предвидени за сегментите кои се од областа на превенција, заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од елементарни и други непогоди, како и мерки и активности кои редовно се спроведуваат, а со цел превентивно делување заради заштита на животот и здравјето на населението на територијата на Општината. Во Програмата се опфатени мерките и активностите кои Одделението во соработка со другите надлежни институции ќе ги спроведе (Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2019г), како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2019 година.

Во своето образложение, тој истакна дека оваа година особено внимание ќе се посвети на превенција, заштита и справување од пожари, во содесјтво на ТППЕ Делчево,исто така, отпочнат е процес за ревитализирање на ,,Просторните сили,, при општина Делчево, кои како единица се регулирани во Законот за заштита и спасување. За оспособување на овие сили и нивно ставање во потполна функција, потребно е превземање на неколку мерки и активности за кои се потребни материјално-финансиски средства од Буџетот на општина Делчево, кои се наведени во табеларниот дел од Програмата. За справување со проблемот со поплави, а со цел заштита на животот и здравјето на граѓаните на Општината и нивните материјални добра, К.Цоневски истакна дека Одделението има изготвено соодветен ,,Оперативен план за заштита од поплави,, со кој се предвидени, целите, мерките и активностите, критичните точки, ресурсите, како и потребните буџетски средства за остварување на Програмата. Во продолежние тој ги истакна и мерките коишто ќе ги спроведе Одделението во врска со заштитата на населението од заразни болести, како и мерките што ги презема Општината во врска со заштитата од комарци.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана која рече дека од Програмата се гледа дека се предвидеи 3 теристички прскања на комарци и праша дали има ефект од таквото прскање, дали е направена анализа?

К.Цоневски рече дека од претходни искуства заклучок е дека нема позитивни резултати, а во зависност од препаратот со кој се врши прскањето, можно е да има негативни последици врз пчелните семејства. Општината е задолжена од центарот за јавно здравје да ги изврши тие прскања, но нема резултат. Можеби треб да се размисли неколку соседни општини (Делчево, Пехчево, М.Каменица) да се здружат и да се изврши авионско прскање рече тој.

Драган Маневски рече дека треба да се размисли околу тоа неколку општини да извршат авионско прскање против комарците, да се поделат финансиските средства, се со цел прскањето да даде резултати бидејќи факт е дека теристичкото прскање не дава речиси никаков ефект, а сепак се трошат финансиски средства.

Ванчо Велиновски праша дали се изготвува Извештај за реализацијата на оваа Програма?

К.Цоневски рече дека се изготвува извештај и ДСЗ е информирана дека нема ефект.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за работа на Одделението за превенција, заштита и спасување при Општина Делчево за 2019 година.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација Проект за инфраструктура за изградба на атмосферска канализација за населба Басарица-Општина Делчево;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа Предлог- Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за Проект за инфраструктура за изградба на атмосферска канализација за населба Басарица – Општина Делчево во должина од 500 - 550 м1.Потребата за Проектот за инфраструктура за изградба на атмосферска канализација за населба Басарица Општина Делчево е во должина од 500 - 550 м1 и е за решавање на проблемот со атмосферските води во населба Басарица.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко-проектна документација Проект за инфраструктура за изградба на атмосферска канализација за населба Басарица-Општина Делчево;

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Груица Синадинов**;

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува на потребата од

донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Груица Синадинов. Станува збор за станбена куќа означен во елаборат како зг рада бр. 1 изграден на КП бр. 6262 запишана во имотен лист бр. 603 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Груица Синадинов;

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект настрешница зграда бр.2 по барање на Груица Синадинов;**

И оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека се однесува на истиот барател, на иста локација, а се работи за настрешница.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект настрешница зграда бр.2 по барање на Груица Синадинов;

**Тринаесетта точкаПредлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, помошен објект, зграда бр.4 по барање на Груица Синадинов;**

И оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека се однесува на истиот барател, на иста КП 6262, а се работи за помошен објект.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

**Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.4 по барање на Груица Синадинов;**

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-играден објект надвор од плански опфат, објект сушара зграда бр.1 по барање на Дарко Синадинов;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопувањена бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-343 од 19.12.2018 година, од страна Дарко Синадинов ул.„Ратко Јовановиќ бр.19“ - Штип за бесправно изграден објект, Објект сушара, означен во елаборат како зг рада бр. 1 изграден на КП бр. 6264 запишана во имотен лист

бр. 1365 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект сушара зграда бр.1 по барање на Дарко Синадинов.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект ладилник зграда бр.2 по барање на ТП ОБЕЛ КОМПАНИ-КОМЕРЦ ТП   Синадинов Ристачко Грујо;**

И оваа точка ја образложи Горан Петровски-Советник за урбанизам кој рече дека оваа Одлука е за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат, објект ладилник зграда бр.2 по барање на ТП ОБЕЛ КОМПАНИ-КОМЕРЦ ТП   Синадинов Ристачко Грујо;

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-иградени објект надвор од плански опфат,објект ладилник зграда бр.2 по барање на ТП ОБЕЛ КОМПАНИ-КОМЕРЦ ТП   Синадинов Ристачко Грујо.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за давање на согласност и овластување за преговарање.**

Образлагач по точката беше Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево кој рече пред извесно време беше  донесен Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа со кој Владата на РСМ им дава финансиска поддршка на општини. Општина Делчево има побарување од Општина Пехчево за работи кои ги вршел знатрешниот ревизор, конкретно со ова одлука му се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Делчево да преговара со општина Пехчево за,во својство на доверител спрема Општина Пехчево, да пристапи кон преговарање и да потпише Записник за спогодбено утврдување на побарувањето што го има Општина Делчево спрема Општина Пехчево.Заради добивање на приоритет при исплататата на доспеаните, а неплатени обврски,се овластува градоначалникот на Општина Делчево како доверител спрема Општина Пехчево,спогодбено целосно да се откаже од каматата и намалување на главницата на побарувањето за 15%, рече В.Мерзликин.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Влатко Величковски кој праша за колкава сума стенува збор?

В.Мерзликин рече дека се работи за 511.000,00 денари, со 15% намалување на главницата (76.650,00) денари или  435.350,00 денари.

Славица Димитрова праша дали по донесувањето на ваквата одлука парите ќе бидат уплатени веднаш на сметката на Општина Делчево?

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање на согласност и овластување за преговарање.

**Седуманесетта точка-Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување**;

Образлагач по оваа точка беше  Лилјана Даневска Богдановска,заменик-командир на Полициската станица од општа надлежност Делчево која рече дека

дека овој извештај е законска обврска на командирот на Полициската станица од општа надлежност и се доставива на секои 6 месеци. Истиот се однесува на  на периодот од второто полугодие на 2017 година. Состојбата на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата во овој период се оценува како стабилна и поволна. Во областа на криминалитетот во однос на 2017 година има незначително зголемување на кривичните дела за 14%. Исто така има намалување и на имотните деликти. Какарктеристично е и благото намалување на бројот на поднесени кривични пријави до ОЈО за насилство и намалување на бројот на поднесените кривични пријави за семејно насилство.

Во областа на јавниот ред и мир е карактеристично намалување на бројот на  пријавени нарушувања за 18%. Регистрирани се 42 прекршоци и се поведени 36 прекршочни барања. Најголем број на прекршоци се од областа на нарушувања на јавниот ред и мир, сторителите во најголем број се од машки пол и најголем дел се случиле во градот.

Во областа на сообраќајот карактеристично е намалувањето на сообраќајните несреќи за 12%. Вкупниот број на сообраќајни несреќи е 23, од кои 15 со тешки последици без загинати лица. Поднесени се 255 барања за поведување прекршочна постапка, изречени 366 мандатни казни од кои 49 се наплатени, а за 181 се впишани негативни бодови.Одземени се 30 возачка дозвола, крв и урина е земено во 7 случаи, а контрола е извршено над 5925. Во патниот сообраќај се зголемени превентивните мерки врз контрола на учесниците во сообраќајот и зголемо присуство на полициските службеници на терен.Извршени се 4 асистенции по барање на други органи.

Преземени се зголемени контроли над бесправната сеча на шума и контринуирано се спроведуваат контроли заедно со граничната полиција.

Во делот на пожарите има намалување на истите.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

**Осумнаесетта точка-Годишна сметка за ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2018 со**

Заклучок за усвојување.

Образлагач по оваа точка беше Маре Бошначка-Сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево која рече дека во 2018 година ОЈУДГ „Весели Цветови" работела со 3 сметки:сопствена, наменска и донаторска сметка.

На сопствената сметак се остварени приходи во износ од 5.977.812,00 денари, а се потрошени 5.662.143,00 денари, што значи дека на оваа сметка има добивка од 315.669,00 денари. Во табеларниот преглед даден со материјалите може да се види намената за која се потрошени тие средства,

Втората сметка е наменската сметка и на неа се остварени приходи во износ од 11.272.892,00 денари и истите се потрошени за плати-5.991.820,00 денари, за комунални услуги 1.254,550,00 денари за материјали и ситен инвентар 415.502,00 денари, за поправки и тековно одржување 28.743.00 денари, договорни услуги 373.980,00 денари, др.тековни расходи 58.785,00, разни трансфери 565.000,00, купување опрема и машини 332.021, купување мебел 36.300,00.

На донаторската сметка се остварени приходи од 940.591,00 денар, а се потрошени 33.333,00 денари. Има добивка од 907.258,00.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која праша за која намена се потрошени парите од сопствената сметка на потставка 425990 други договорни услуги и на ставка 426 други тековни расходи?

М.Бошначка рече дека парите се потрошени за санација на кров, одржување на веб страна, договори за вработување на персонал, медиумско покривање, пренамена на гаража и слично, на на ставката 426 за изготвување на завршни сметки, камати и  и заостанати долгови.

Кирил Тренечевски праша за какви камати, а М.Бошначка рече камати на УЈП за ненавремени исплати на плати.

Славица Димитрова праша кој објект е пренаменет за народна кујна?

М.Бошначка рече дека гаражата е пренаменета за објект за народна кујна.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за бор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 4 „ВОЗДРЖАНИ" „ПРОТИВ" нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на  Годишната сметка за ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за 2018.

**Деветнаесетта точка- Прашања и предлози на членови на Совет.**

**Билјана Ѓеоргиевска реагираше** бидејќи не добила одговори на прашањата кој ги поставила на претходните седници.

**Славица Димитрова**

1.Колку средства од Буџетот на Општина Делчево се исплатени на спортските клубови и на НВО од општина Делчево во 2018 година и во кој износ?

Катица Трајкова Тасева

1. Ако може да се достави извештај колку средства од Буџетот на Општина Делчево се исплатени на спортските клубови и на НВО од општина Делчево во 2018, 2017 и 2016 година и во кој износ?

Дијана Јосифовски

1. Во Општина Делчево да се формира Комисија за заштита на правата на децата!

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски